**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ ЗА ОСТВАРЕНИТЕ РЕЗУЛТАТИ**
**за периодот јануари – декември 2024 година**

АЛКАЛОИД АД Скопје во периодот јануари – декември 2024 година оствари позитивни финансиски резултати искажани во неревидираните единечен и консолидиран биланс на успех.

**Сметководствени политики и методи на вреднување**

Во 2024 година нема промени во сметководствените политики и методи на вреднување на позициите во финансиските извештаи на АЛКАЛОИД АД Скопје.

**Вкупни приходи**

Вкупните остварени единечни приходи во периодот јануари – декември 2024 година изнесуваат 13.972.976 илјади денари и во споредба со остварените во истиот период во 2023 година бележат раст од 9 %. Во структурата на вкупните приходи најголемо учество, 96 %, имаат приходите остварени од продажба на производи и на услуги, кои во споредба со остварените во 2023 година бележат раст од 10 %.

Вкупните остварени консолидирани приходи во периодот јануари – декември 2024 година изнесуваат 19.505.329 илјади денари и во споредба со остварените во истиот период во 2023 година бележат раст од 15 %. Во структурата на вкупните приходи најголемо учество, 97 %, имаат приходите остварени од продажба на производи и на услуги, кои во споредба со остварените во 2023 година бележат раст од 15 %.

**Вкупни расходи**

Вкупните остварени единечни расходи во периодот јануари – декември 2024 година изнесуваат 12.100.670 илјади денари и во споредба со остварените во истиот период во 2023 година бележат раст од 9 %.

Вкупните остварени консолидирани расходи во периодот јануари – декември 2024 година изнесуваат 17.566.477 илјади денари и во споредба со остварените во истиот период во 2023 година бележат раст од 16 %.

**Податоци за акциите**

Акциите на АЛКАЛОИД АД Скопје котираат на официјалниот пазар на Македонската берза за хартии од вредност од 2002 година и важат за едни од најтргуваните и најликвидните акции на Берзата. Цената на акцијата во периодот јануари – декември 2024 година се движеше од 18.151,00 до 29.000,00 денари или просечно 22.376,45 денари за една акција. Движењето на цената на акцијата е во рамките на трендот на просечниот годишен раст и се должи на редовното и транспарентно објавување позитивни резултати од работењето на компанијата, позитивното јавно мислење, на довербата во нашите производи, управувањето со друштвото и на генералниот тренд на раст на глобалните и на регионалните берзи. На 31.12.2024 година акциите на АЛКАЛОИД АД Скопје беа во сопственост на 5.945 акционери, физички и правни лица, а пазарната капитализација на компанијата изнесуваше 40,4 милијарди денари.

На 1 април 2024 година, на Годишното собрание на акционерите, е одобрена пресметка и исплата на бруто-дивиденда за 2023 година во износ од 772.931 илјади денари. Во согласност со дивидендниот календар, во мај 2024 година започна исплатата на дивидендата во износ од 540 денари бруто, односно 486 денари нето за една акција. Дивидендата од акција за 2023 година е поголема за 10,2 % во однос на исплатената дивиденда од акција за 2022 година.

**Инвестиции**

Во 2024 година, во насока на посветеноста за постојана модернизација и за проширување на производствените капацитети, производствените волумени и на асортиманот, АЛКАЛОИД АД Скопје ја комплетираше реализацијата на својот најголем инвестициски потфат во последните две децении – новиот погон за производство на цврсти фармацевтски форми *Таблетно одделение 2.0* и придружните технички простории. Новиот техничко-технолошки капацитет, чија цел е повеќе од двојно зголемување на обемот и поголема флексибилност во производството на цврсти фармацевтски форми, зафаќа површина од 6.200 м2 (производствени и технички простории), а за него АЛКАЛОИД вложи вкупно 19,4 милиони евра.

Во првото полугодие од годинава се реализираше стратешка инвестиција и во ПЦ Козметика. Инсталирана е нова производствена линија за производство и за пакување влажни марамчиња, во вредност од 1,7 милиони евра. Новата производствена опрема за производство на влажни марамчиња е со капацитет од 120 парчиња/ минута и е дополнета со целосно автоматизирани линии за пакување. На овој начин се овозможи удвојување на капацитетите за производство на влажни марамчиња и се прошири палетата на производи кои може да се произведуваат и да се пакуваат.

Вкупните инвестиции во основни средства во периодот јануари – декември 2024 година изнесуваат 1.435.215 илјади денари.

**Вложувања**

Во 2024 година АЛКАЛОИД АД Скопје регистрираше ново друштво во Хрватска, со назив АЛКАЛОИД ФАРМА ИНТЕРНАЦИОНАЛ ДОО Загреб. Имајќи предвид дека 68 % од пласманот на производите на компанијата се наменети за извоз, од исклучително значење е присуството на производствената програма на пазарите во ЕУ, како и проширувањето на нови пазари. Во таа насока, новоотворениот правен субјект е осми по ред кој е основан во рамките на земјите членки на Европската Унија.

Компанијата регистрираше и ново капитално поврзано друштво во Казахстан, со назив „АЛКАЛОИД КАЗАХСТАН“ ДОО, кое е прва подружница на компанијата во Азија. Отворањето на ова друштво претставува исклучителна можност за искористување на големиот потенцијал за пласирање фармацевтски производи на овој пазар, чија вредност на годишно ниво изнесува над 2 милијарди евра. Казахстан е пазар со 19,6 милиони жители и е економија со најдобри перформанси во Централна Азија. Портфолиото на АЛКАЛОИД во Казахстан за почеток ќе опфаќа антибиотици и додатоци во исхраната наменети за бремени жени. Во иднина компанијата планира проширување на асортиманот, како и присуство и во други земји од тој регион на интерес. Подружницата во Казахстан, лоцирана во градот Алмати, е 26-то по ред капитално поврзано друштво на АЛКАЛОИД.

АЛКАЛОИД АД Скопје како интернационална генеричка фармацевтска компанија тежнее да биде присутен во сите сегменти на овој бизнис и да им понуди на здравствените системи и на пациентите достапност до што поголемо портфолио и типови на лекови по прифатлива цена. Покрај вообичаените генерички лекови, АЛКАЛОИД АД Скопје има стратешка цел да настапи на пазарот и со биослични лекови. За навреме да настапи во овој растечки бизнис-сегмент во фармацевтската индустрија, АЛКАЛОИД АД, преку докапитализација на своето новоформирано друштво АЛКАЛОИД ФАРМА ИНТЕРНАЦИОНАЛ од Хрватска, вложи во јужнокорејската истражувачко-развојна компанија Rophibio преку купување малцински удел. Преку ова вложување во Јужна Кореја, во противвредност од 1 милион американски долари, АЛКАЛОИД АД, покрај сопственичкиот удел во компанијата, ќе добие и право на првенство при лиценцирање на производите за регионите во кои има свои операции. Земајќи го предвид потенцијалот на пазарот, како и искуството на тимот кој ја предводи компанијата Rophibio, АЛКАЛОИД АД донесе одлука за инвестиција во оваа истражувачко-развојна компанија, која во моментов е во напредна фаза на развој на биослични лекови.

**Иновации**

АЛКАЛОИД изминативе години започна процес на редизајнирање на постојни генерички фармацевтски производи за нови индикации, со цел создавање лекови со додадена вредност кои овозможуваат третирање и задоволување на потребите на индивидуални или на специфични групи пациенти. Стратешките инвестиции за модернизација на производственото портфолио доведоа до успешен развој на првиот патентиран лек со додадена вредност на АЛКАЛОИД, наменет, пред сѐ, за третман на рефлуксен езофагитис и на гастроезофагеална рефлуксна болест (ГЕРБ). Лекови од прв избор во третманот на рефлуксниот езофагитис и на ГЕРБ се т.н. инхибитори на протонска пумпа, група во која спаѓа и *Омепразолот*, кои најчесто се достапни во форма на гастрорезистентни таблети и капсули, како и на прашок за растворање. За првпат во историјата АЛКАЛОИД разви течна форма на лекот *Омепразол*, готов за употреба.

За пероралниот раствор *Омепразол* АЛКАЛОИД го доби првиот интернационален патент за лек со додадена вредност (Value Added Medicine – VAM), а првите одобренија за ставање во промет на овој иновативен лек веќе се доделени за македонскиот пазар како и за пазарите во Обединетото Кралство, Ирска, Холандија, во Португалија, Унгарија, Романија, во Словенија, Хрватска, Бугарија и на Косово. Во тек се регистрациските постапки за другите земји во Европа и за пазарите во Европската Унија, при што се очекува добивање одобренија за ставање на лекот во промет и за негово последователно лансирање.

**Обврски врз основа на кредити**

Вкупните консолидирани обврски врз основа на кредити на 31.12.2024 година изнесуваат 2.156.428 илјади денари.

**Вработени**

Во периодот јануари – декември 2024 година во АЛКАЛОИД АД Скопје се реализирани 253 нови вработувања во РС Македонија. Со одлука на Управниот одбор на АЛКАЛОИД АД Скопје, во март 2024 година е одобрен и исплатен регрес во висина од 40.500 денари нето-износ за користење годишен одмор за вработените во компанијата. Во декември 2024 Управниот одбор по повод новогодишните и божиќни празници, одобри исплата на новогодишен надоместок за вработените во нето-износ од 37.000 денари. Групацијата АЛКАЛОИД брои 3.042 вработени, од кои 2.302 се во земјава, а 740 се вработени во капитално поврзаните друштва во странство.

**Поважни позиции од билансот на успех**

Остварените единечни и консолидирани резултати од работењето за периодот јануари – декември 2024 година, како и структурата, динамиката и споредбите со остварувањата во претходната година се прикажани во следните табели:

**Единечни продажби на готови производи и услуги**

**(Во 000 Ден)**

| | **2024** | | **2023** | | **Инд** |
|---|---|---|---|---|---|
| **Пазар** | **Износ** | **%** | **Износ** | **%** | **24/23** |
| Домашен пазар | 3.618.713 | 27 | 3.370.337 | 27 | 107 |
| Странски пазар | 9.814.586 | 73 | 8.891.565 | 73 | 110 |
| **Вкупно:** | **13.433.299** | **100** | **12.261.902** | **100** | **110** |

**Поважни позиции од билансот на успех (продолжение)**

**Консолидирани продажби на готови производи и услуги**

| | | | | | (Во 000 Ден) |
|---|---|---|---|---|---|
| | 2024 | | 2023 | | Инд |
| **Пазар** | **Износ** | **%** | **Износ** | **%** | **24/23** |
| **Домашен пазар** | **6.050.916** | **32** | **5.193.459** | **31** | **117** |
| Југоисточна Европа | 5.162.464 | 27 | 4.703.367 | 28 | 110 |
| Источна Европа (ЗНД, УКР, ...) | 3.489.992 | 18 | 2.788.460 | 17 | 125 |
| Западна Европа (ЕУ и ЕФТА) | 4.153.580 | 22 | 3.661.806 | 22 | 113 |
| Други земји | 148.744 | 1 | 165.886 | 1 | 90 |
| **Вкупно странски пазари** | **12.954.780** | **68** | **11.319.519** | **69** | **114** |
| **Вкупно:** | **19.005.696** | **100** | **16.512.978** | **100** | **115** |

Компанијата, преку своите застапувања на производите на светски реномирани фармацевтски производители, активно учествува во обезбедувањето најсовремени ретки и специфични терапии, со што како докажан партнер на јавното здравство обезбедува значителна поддршка за здравствениот систем во земјава. Иако профитабилноста на овие програми е ограничена, тие значително го зголемуваат учеството на домашниот пазар во вкупните консолидирани продажби, каде што се остварени 32 %. Во споредба со истиот период од минатата година, продажбите во земјава бележат раст од 17 %.

Странските пазари заземаат 68 % од вкупните консолидирани продажби. Најголем пораст кај извозните пазари бележат продажбите остварени во земјите од Источна Европа (раст од 25 %) и во земјите од Западна Европа (раст од 13 %).

| | | | | | (Во 000 Ден) |
|---|---|---|---|---|---|
| | 2024 | | 2023 | | Инд |
| **Групи на производи** | **Износ** | **%** | **Износ** | **%** | **24/23** |
| Антибиотици | 4.903.163 | 26 | 4.402.718 | 27 | 111 |
| ОТЦ препарати | 3.535.124 | 19 | 3.145.052 | 19 | 112 |
| Кардиолошки препарати | 2.165.777 | 11 | 1.911.154 | 12 | 113 |
| Невролошки препарати | 2.336.030 | 12 | 2.059.232 | 12 | 113 |
| Други линии | 1.600.543 | 8 | 1.275.176 | 8 | 126 |
| **Вкупно производи - Алкалоид** | **14.540.637** | **77** | **12.793.332** | **77** | **114** |
| Трговска стока | 2.561.334 | 13 | 1.939.171 | 12 | 132 |
| Услуги и останати приходи | 115.851 | 1 | 84.239 | 1 | 138 |
| **Вкупно Фармација** | **17.217.822** | **91** | **14.816.742** | **90** | **116** |
| **Вкупно Хемија** | **335.526** | **2** | **314.771** | **2** | **107** |
| **Вкупно Козметика** | **1.182.750** | **6** | **1.127.403** | **7** | **105** |
| **Вкупно Билкарство** | **269.598** | **1** | **254.062** | **2** | **106** |
| **Вкупно:** | **19.005.696** | **100** | **16.512.978** | **100** | **115** |

**Поважни позиции од билансот на успех (продолжение)**

**Добивка пред финансиски трошоци, даноци и амортизација (ЕБИТДА)**

**(Во 000 Ден)**

| | **2024** | | **2023** | | **Инд** |
|---|---|---|---|---|---|
| | **Износ** | **% во Продажби** | **Износ** | **% во Продажби** | **24/23** |
| Единечна ЕБИТДА | 2.886.531 | 21 | 2.572.486 | 21 | 112 |
| Консолидирана ЕБИТДА | 3.000.938 | 16 | 2.750.021 | 17 | 109 |

**Нето добивка**

**(Во 000 Ден)**

| | **2024** | | **2023** | | **Инд** |
|---|---|---|---|---|---|
| | **Износ** | **% во Продажби** | **Износ** | **% во Продажби** | **24/23** |
| Единечна Нето добивка | 1.702.570 | 13 | 1.520.547 | 12 | 112 |
| Консолидирана Нето добивка | 1.684.020 | 9 | 1.576.864 | 10 | 107 |

Остварената единечна нето-добивка во 2024 година изнесува 1.702.570 илјади денари и во споредба со остварената во 2023 година бележи зголемување за 12 %.

Остварената консолидирана нето-добивка во 2024 година изнесува 1.684.020 илјади денари и во споредба со остварената во 2023 година бележи зголемување за 7 %.

**Бизнис-план за 2025 година**

Бизнис-планот за 2025 година, донесен со одлука на Управниот одбор на АЛКАЛОИД АД Скопје на седницата одржана на 27.12.2024 година, предвидува инвестирање на околу 8 % од консолидираните приходи од продажби во материјални и во нематеријални средства, раст од 8 % на консолидираните продажби во однос на реализираните во 2024 година, како и раст од 7 % на консолидираниот профит пред оданочувањето во однос на 2024 година.

Бизнис-планот за 2025 година е базиран на очекувањата, проекциите и на можностите на тековните и на новите пазари и производи достапни за компанијата во моментот на изготвување на планот. Околностите и настаните во 2025 година, а со тоа и остварените резултати може да варираат во однос на прикажаните во Бизнис-планот.

**Очекувања за претстојниот период**

Трендот на работење во отежнати економски услови, кои беа актуелни во изминатите неколку години, сосема е извесно дека ќе продолжи и во 2025 година. Доминанти предизвици беа инфлацијата и порастот на каматните стапки, кои, сепак, според сите очекувања, би требало да влезат во зоната на стагнација, а можеби и на благо опаѓање. Секако, глобалните безбедносни кризи ги отежнуваат економскиот амбиент и предвидливоста, што секогаш може да повлијае и врз цените на енергенсите, да создаде тешкотии во синџирите на испораки, но и да повлијае врз достапноста на одредени материјали.

Очекуваме во 2025 година да продолжиме по патеката на континуираниот раст базиран на можностите од нашите тековни инвестиции во нови производствени капацитети и опрема и од вложувањата во развојно-истражувачки проекти, на тој начин создавајќи конкурентно портфолио и можности за ширење на пазарите. За остварување на овие цели ќе продолжиме и со нови вработувања во земјава, но и на странските пазари, притоа континуирано вложувајќи во подигнување и во усовршување на нивото на знаења и на вештини на нашите вработени и во градење таленти.